A- A A+

(https://www.facebook.com/mvr.gov.mk/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Последни вести (/vesti)
Министерство (/page/ministerstvo)
Фото галерија (/foto-galerii)

(/default)

МИНИСТЕРСТВО (/page/ministerstvo) АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ (/analizistatistiki/site) ПРОЕКТИ И КАМПАЊИ ЛЕГИСЛАТИВА ЛИНКОВИ УСЛУГИ (/page/vidovi-uslugi) МЕДИА ЦЕНТАР

## Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 17.05.2019

На 16.05.2019 година околу 22.10 часот на локалниот пат што ги поврзува тетовските села Горно Седларце и Синичане, полициски службеници на Секторот за внатрешни работи Тетово запреле патничко возило „Опел корса“ со гостиварски регистарски ознаки, управувано од Ј.Е.(31) од Голема Речица, во кое се наоѓал и Т.Х.(38) од Тетово. При нивен преглед била пронајдена марихуана. која Т.Х. се обидел да ја фрли. Тие биле лишени од слобода и задржани во Полициската станица Тетово, а по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

Секторот за внатрешни работи Скопје ќе поднесе кривична пријава против А.А (17) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напуштање немоќно дете “, казниво по член 200 од Кривичниот законик. Таа, на 14.05.2019 година околу 11.00 часот на булевар ,,Македонско Косовска Бригада“, своето новородено машко бебе го однела

и го оставила на земја во близина на нејзината куќа. Новороденчето било пронајдено од случаен минувач кој повикал Итна медицинска помош, по што бебето било префрлено на Клиниката за детски болести – Скопје, каде било прегледано и било констатирано дека се наоѓа во добра здравствена состојба. По Наредба од Основно јавно обвинителство – Скопје, била извршена споредбена ДНК анализа на А.А со новороденчето и било утврдено дека таа е мајка на новороденчето. После тоа, бил известен и стручниот интервентен тим од Јавна установа – Меѓуопштински Центар за социјални работи – Скопје за нивно понатамошно постапување.

На 16.05.2019 година во 07.45 часот на регионалниот пат Охрид-Струга, во близина на приклучокот за магистралниот пат Охрид-Кичево, патничко возило „Рено Меган" со охридски регистарски ознаки, управувано од Т.Ш.(37) од Охрид, излетало надвор од коловозот и удрило во дрво. Со тешки телесни телесни повреди се здобила Т.Ш. којашто била пренесена во болницата Св.Еразмо, каде и била укажана лекарска помош. Увид на местото извршила екипа од СВР Охрид.

На 16.05.2019 година во 15.30 часот во Полициската станица Аеродром, Љ.С.(39) од Скопје пријавила дека на 15.05.2019 година околу 19.30 часот на ул.„1613" во Скопје нејзината тригодишна ќерка била касната од куче скитник во пределот на десната подлактица и градниот кош.

На 16.05.2019 година во 21.45 часот во Полициската станица Центар , С.Т.(61) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 16.45 часот на ул.„Кеј 13-ти Ноември" бил каснат од куче скитник во пределот на левата надколеница.

Во текот на изминатиот ден (16.05.) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје случиле девет сообраќајни незгоди во кои едно лице се здобило со тешки телесни повреди. Од преземените сообраќајни мерки и контроли констатирано е дека 16 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената,а од сообраќај се исклучени 17 возачи затоа што 15 од нив управувале возила без да се стекнат со право за управување на моторно возило додека двајца поради тоа што биле возачи почетници.Исто така, исклучени од сообраќај се и осум возила бидејќи биле нерегистрирани. Наедно, петмина возачи биле санкционирани поради поминување на крстосница на црвено светло, еден поради неправилно престројување, двајца возачи поради неправилно престигнување. Исто така осумина возачи се сакнционирани поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило а петмина возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во однос на пешаците, санкционирани е еден пешак поради поминување коловоз вон пешачки премин. Во текот на изминатиот ден издадени се 70 мандатни платни налози а 64 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 16.05.2019 година околу 09.30 часот на локалниот пат за село Дреново, кавадаречко, патничко возило „Шкода фелиција" со кавадаречки регистарски ознаки, управувано од Ц.П.(56) од с.Дреново, излетало од патот. Притоа, со тешки телесни повреди се здобил возачот Ц.П. кој бил пренесен во болницата во Кавадарци, каде му била укажана лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот.

На 16.05.2019 година околу 19.00 часот, на земјен пат кон тетовското село Доброште, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Рогачево забележале возило - џип марка "УАЗ", со тетовски регистарски таблички управувано од А.А. (61) од Добриште при што дале знак за запирање на возило. Возилото не застанало, продолжило со движење и се обидело да удри во полициските службеници. Тие успеале да се тргнат настрана, при што испукале предупредувачки куршум во воздух. Возилото побегнало од местото, но по преземени мерки, подоцна било пронајдено, натоварено со огревни дрва. Исто така, бил пронајден и А.А., кој бил лишен од слобода и задржан во Полициската

станица Тетово. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 16.05.2019 година во 05.33 часот во Полициската станица Охрид било пријавено дека Н.Т.(26) од Република Србија паднал од тераса во хотел во Охрид. Тој се здобил со тешки телесни повреди и по укажаната лекарска помош во болницата „Св.Еразмо", поради сериозноста на повредите, бил пренесен во Ургентен центар при комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје за понатамошно лекување. Увид на местото извршила екипа од СВР Охрид. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 16.05.2019 година околу 12.00 часот во Полициската станица Гостивар било пријавено дека 16-годишен албански државјанин паднал од тераса од висина од над шест метри и се здобил со тешки телесни повреди. Според пријавата, тој паднал додека извршувал работни задачи објект во изградба на улица „Гоце Делчев" во Гостивар. По укажана помош во болницата во Гостивар, тој бил пренесен во Комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје. Извршен бил увид на местото и се преземаат мерки за расчисрување на случајот.

На 16.05.2019 година во Полициската станица Кавадарци, А.Л.(30) од Кавадарци пријави дека истиот ден околу 11.00 часот на ул. „Димче Мирчев" во Кавадарци бил каснат од куче скитник во пределот на левата потколеница.

На 16.05.2019 година во 19.05 часот во СВР Скопје било пријавено дека во забавниот парк пред Спортскиот центар „Борис Трајковски", помеѓу бул. „8-ми Септември" и бул.„Илинден", четири непознати лица извршиле разбојништво врз 17-годишник од Германија и 13-годишник од Скопје. Според пријавеното, сторителите со закана им одзеле два мобилни телефони. Се преземаат мерки за пронаоѓање на сторителите и за целосно расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против А.Х.(29) од Република Албанија поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда". На 14.05.2019 година во село Неготино, гостиварско, во напуштена куќа, пријавениот физички го нападнал Ф.П.(46) од Република Албанија и му нанел тешки телесни повреди.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Македонски Брод поднесе кривична пријава против М.В.(60) од Македонски Брод поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластување". На 03.03.2017 година пријавениот како градоначалник на општина Македонски Брод, по претходно склучен договор за јавна набавка на услуги помеѓу општина Македонски Брод и фирма од Охрид, исплатил фактура од 277.300 денари на наведеното правно лице, и покрај тоа што истото не ги исполнило обврските од договорот, така што била нанесена штета на буџетот на општина Македонски Брод.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Берово поднесе кривична пријава против И.П.(45) од Делчево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластување". Во текот на 2017 година пријавениот, како градоначалник на општина Пехчево, без да спроведе постапка за јавна набавка, склучил договори за сервисирање на улично осветлување со две физички лица од Пехчево, со што истите се стекнале со противправна имотна корист од 76.000 денари на штета на буџетот на општина Пехчево.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против С.А.(28) од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори‟. На 18.05.2018 година околу 18.00 часот во Кочани полициски службеници извршиле преглед на патничко возило, управувано од пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Д.К.(34) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги и психотропни супстанци и прекурзори‟. На 30.11.2018 година на магистралниот пат Кичево-Гостивар полициски службеници извршиле контрола на патничко возило, управувано од пријавениот, како и преглед над пријавениот, при што пронашле и одземени марихуана.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Ш.С.(34) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори‟. На 02.08.2018 година во Гостивар полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против А.С.(32) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи‟. На 26.12.2018 година во Охрид полициски службеници извршиле претрес во дом и помошни простории на пријавениот, при што пронашле и одзеле поголема количина пиротехнички средства.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против В.Д.(57) и М.П.(27), двајцата од село Велгошти, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи‟. На 29.12.2018 година во Охрид, кај место викано "Сливови анови", полициски службеници извршиле преглед на возило во кое биле пријавените, при што пронашле и одзеле ловна пушка со два куршуми, за коишто не поседувале соодветна дозвола.

(http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe
tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)